# ЗА ПОДОБРА

## САБОТНА ШКОЛА





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 7 април 2018*

# 1. УТЕШИТЕЛ

**„А кога ќе дојде Тој, Духот на Вистината, ќе ве упати во сета вистина, зашто нема да зборува Сам од Себе, а ќе зборува она што слуша, и ќе ви навести за нештата што ќе дојдат.“ (Јован 16,13)**

Како можеме да опстанеме во денот на проверката, ако не ги разбираме Христовите зборови? Тој рекол: „Ова ви го зборував, додека бев при вас; а Утешителот, Светиот Дух, кого Татко ми ќе го испрати во мое име, ќе ве научи сѐ и ќе ве потсети на сѐ што ви реков“ (Јован 14,25.26). Светиот Дух треба да нѐ потсети на Христовите зборови. Темата којашто Христос ја одбрал да им проговори на своите ученици во своите последни часови, била токму службата на Светиот Дух. Тој пред нив го открил широкото поле на вистината. Тие треба да ги примат Неговите зборови со вера, а Утешителот, Светиот Дух, треба да ги потсетува на сето тоа.

Утехата што им ја дал Христос во ова ветување, се наоѓа во фактот дека божественото влијание треба да биде со Неговите следбеници до самиот крај. Но, луѓето ова ветување денес не го прифаќаат и не веруваат во него, па затоа и не му придаваат внимание, ниту, пак, неговото исполнување се забележува во искуството на Црквата. Ветувањето за дарот на Божјиот Дух е предмет кој црквата слабо го разгледува. Тоа не остава никаква трага во животот на луѓето, па и резултатот е очекуван – духовна суша, духовна темнина, духовно пропаѓање и смрт. Неважни теми го окупираат умот и животот, но божествената сила, која е неопходна за растот и напредокот на Црквата и која, кога би ја имале, би ги донела сите останати благослови, недостига – иако ни е понудена во неограничено изобилство. Сѐ додека Црквата се задоволува со малку, таа не ги исполнува условите од Бога да прими големо изобилство. Но, зошто не сме гладни и жедни за дарот на Светиот Дух, кога тоа е средство со кое се одржува чистотата на срцето? Господ одредил, божествената сила да дејствува здружена со човечките напори.

Многу е важно христијанинот да го сфати значењето на ветувањето за Светиот Дух пред второто доаѓање на нашиот Господ Исус. Зборувајте за тоа, молете се за тоа, проповедајте за тоа; бидејќи Господ е повеќе од подготвен да го дарува Светиот Дух отколку што се родители подготвени да им даваат добри дарови на своите деца (Review and Herald, 15. ноември 1892).

*Сабота, 14 април 2018*

## 2. ОГАН КОЈ ГОРИ

**„И реков во себеси: 'Веќе не ќе мислам на Него, ниту ќе зборувам во Негово Име.' Но тогаш во моето срце беше како разгорен оган запретан во моите коски: напразно се трудев да издржам, не можев веќе'." (Еремија 20,9)**

Бог ќе покрене понизни луѓе да ја објават веста за сегашната вистина. Мнозина ќе брзаат на сите страни гонети од Божјиот Дух, за да им однесат светлина на оние кои се наоѓаат во темнина. Вистината е како оган во нивните коски, кој ги исполнува со силна желба да ги просветлат оние кои живеат во темнина. Многумина, па дури и необразованите, ќе ја објавуваат Господовата Реч. Светиот Дух ќе ги поттикне и децата да појдат објавувајќи ја веста од Небото. Духот ќе се излее на оние кои копнеат за Неговата сила. Отфрлувајќи ги човечките обврзувачки правила и нивните несигурни потфати, тие ќе се придружат на Господовата војска.

Луѓето кои живеат со вообичаен начин на живот, под влијание на Господовиот Дух, во иднина ќе ги напуштат своите редовни работувања и ќе тргнат да ја објавуваат последната порака на милоста. Тие треба што поскоро да се подготват за работа, за да можат своите напори да ги крунисаат со успех. Тие соработуваат со небесните војски, бидејќи се подготвени да трошат и да се трошат во службата за Господа. Никој нема право да ги попречи овие работници. Ним треба да им се дава поддршка, додека одат напред и го исполнуваат големиот налог. Никој не смее да ум упати навредлив збор ниту да

изговори прекор против нив, бидејќи тие го сеат семето на Евангелието во тешките места.

Најголемите вредности во животот - едноставноста, чесноста, вистинитоста, чистотата, исправноста - не можат да се купат ниту да се продадат; тие им стојат на располагање и на образованиот и на необразованиот, на црнецот, како и на белецот, на понизниот селанец, како и на царот на престолот. Понизните работници, кои не се потпираат на својата сила, туку во работат во едноставност и со постојана доверба во Бога ќе ја делат радоста на Спасителот. Со своите истрајни молитви тие ќе доведуваат души кон крстот. Во соработка со нивните самопожртвувани напори Исус ќе делува на срцата, вршејќи чуда во обратувањето на душите. Сите ќе го градат заедништвото на Црквата. Ќе се градат црковни згради и ќе се основаат училишта. Срцата на работниците ќе бидат исполнети со радост додека го гледаат Божјето спасение (Testimonies, в. 7, р. 26-28).

*Сабота, 21 април 2018*

## 3. СЛУЖБА НА НАШИОТ ВОЈСКОВОДЕЦ

**„Бори се во добрата борба на верата, зграби го вечниот живот, за кој си повикан, и за кого си дал добра исповед пред многу сведоци!“ (1. Тимотеј 6,12).**

Во сериозните и решителни напори на лојалните војници, во слушањето на заповедите на Војсководачот на нашето спасение, постои вистинска радост каква што не може да се најде во ниту една друга служба. Христивиот мир ќе биде во срцето на преданиот војник. Носењето на Христовиот јарем и подигањето на Христовиот товар ѝ носи мир на душата. Звучи како противречност кога ќе се каже дека не постои душевен мир, освен оној кој се наоѓа во постојаната и верна служба. Но, тоа е вистина. Среќата настапува со доброволна послушна служба во која сите сили на нашето битие се покренат на среќна, здрава, складна акција, слушајќи ги наредбите на нашиот

Војсководач. Колку е поодговорна задачата што му е доверена на Христовиот војник, толку поголема среќа наоѓа душата во љубовта на Спасителот и во одобрувањето. Душата наоѓа слобода во извршувањето на најтешките и најодговорни должности.

Меѓутоа, ова извршување на војничките должности значи работа. Тоа не е секогаш работа што самите би ја одбрале. Христовиот војник мора да ги издржи надворешните непогоди, потешкотии и искушенија. Војната против злото и природните склоности на нашето срце, мора постојано да се води. Не смееме пробирливо да ја бараме само онаа работа која нам најмногу ни одговора; ние сме Христови војници, подложни на Неговата дисциплина, и не смееме да се занимаваме со личното задоволство. Господовите битки мораме да ги водиме храбро. Мораме да ги победиме непријателите кои би сакале да ги потчинат сите наши сили.

Нашата волја мора да умре во нас; мораме да се покоруваме само на Христовата волја. Војникот во Христовата војска мора да научи да ги трпи потешкотиите, да се откажува од себеси, да го зема крстот и да го следи својот Војсководител каде што Тој оди. Постојат многу работи што треба да се направи, што ја искушаваат човечката природа, а овие искушенија се болни за оној од месо и крв. Оваа задача на самосовладување бара решителни и постојани напори. Борејќи се во добрата борба на верата, стекнувајќи драгоцени победи, ние се фаќаме за вечниот живот. (Youth's Instructor, 22. декември 1886)

*Сабота, 28 април 2018*

## 4. БОЖЈИОТ ПАТ

**„Имено, не го примивте духот на ропството, за да бидете пак во страв, туку го примивте Духот на посинувањето, со кој викаме: 'Ава - Татко!'" (Римјаните 8,15).**

Делото на посветување почнува во срцето и ние мораме да стапиме во таков однос со Бога што Исус ќе може да го врежe во нас

својот божествен карактер. Ние мораме да се испразниме од своето „јас“ за да можеме да направиме место за Исуса. Срцата на мнозина се исполнети со идоли, и поради тоа во нив нема места за Спасителот на светот. Светот ги држи човечките срца во заробеништво. Тие своите мисли и чувства ги насочуваат кон својата работа, статусот, семејството. Тие се држат до своите мислења и патишта, и ги негуваат како идоли во својата душа; но ние не можеме да се препуштиме на служењето на себеси, држејќи се за сопствените патишта и идеи, а отфрлувајќи ја Божјата вистина.

Мораме да се испразниме од самите себе. Но, тоа не е сѐ што е потребно; бидејќи кога ќе ги исфрлиме од себеси своите идоли, празниот простор мора да се исполни со нешто. Ако срцето остане празно, ако настанатиот празен простор не се исполни, тоа е во иста состојба како и оној чиј дом бил »празен, изметен и уреден« (Матеј 12,44), но без ниеден гостин во него. Тогаш лошиот дух довел уште седум други духови, многу полоши од себе, па влегле и се населиле во таа куќа, и на крајот на овој човек му станало многу потешко отколку на почетокот...

Можеби чувствувате дека не можете да ги исполните барањата на Небото. Можеби велите: „Роден сум со природна склоност кон овој грев, и тоа не можам да го победам“. Но нашиот небесен Татко ни подарил сѐ што е потребно за да бидете способни да ја победите секоја несвета склоност. Мора да победите исто како што и Христос победил за вас. Тој вели: „На оној, кој победува, ќе му дадам да седне со мене на мојот престол, како што и Јас победив и седнав со мојот Татко на Неговиот престол“ (Откровение 3,21). Гревот го загрозил човечкото семејство; уште пред човекот да биде создаден, бил направен план, ако човекот падне, Исус да дојде и да стане жртва наместо него и негова сигурност, за да може човекот со вера во Него да се помири со Бога, бидејќи Христос е јагнето „заклано од создавањето на светот“ (Откровение 13,8). Христос умрел на Голгота за да може човекот да добие сила и да ги победи своите природни склоности кон гревот.

Но, некој вели: „Зар не можам да одам по својот пат и да се однесувам како што сакам?“ Не, не можеш да одиш по својот пат и да

стигнеш во царството небеско. Таму нема да има никаков „мој пат“. Ниту за човечките патишта нема да има место во небесното царство. Нашите патишта мораат да се изгубат во Божјите патишта“. (Review and Herald, 23. февруари 1892)

*Сабота, 5 мај 2018*

## 5. ЧЕКОР ПО ЧЕКОР ДО ПОБЕДА

**„Затоа јас трчам така, не како кон неизвесно; и се борам така, не како оној, кој го бие ветерот; туку го совладувам своето тело и го правам свој роб, та јас кој им проповедав на другите, да не бидам самиот непожелен“ (1. Коринќаните 9,26.27).**

Бог го води својот народ чекор по чекор. Христијанскиот живот е борба и постојано напредување. Во оваа борба нема одмор; напорите мора да бидат постојани и истрани. Единствено со непрестани напори можеме да се здобиеме со победа над сатанските искушенија. Со неуморна енергија мора да копнееме кон христијанска комплетност и да ја браниме со решителна насоченост кон целта...

Постои една наука во христијанството која треба да се совлада - наука која е толку подлабока, поширока и повисока од човечките науки колку што е небото повисоко од земјата. Умот мора да се дисциплинира, да се воспита и обучи, бидејќи службата на Бога треба да ја извршиме на начин кој се коси со нашите вродени склоности. Во нас постојат наследени и стекнати склоности кон злото кои мора да се победат. За да стане Христов ученик, човекот често мора да ги отфрли образованието и воспитувањето што ги стекнувал целиот свој живот. Срцето мора да се воспита да биде постојано во Бога. Мораме да се навикнуваме и своите мисли да ги насочуваме на тој начин што ќе бидеме во состојба да се спротивставиме на искушенијата. Мора да се научиме својот поглед да го издигаме нагоре. Начелата на Божјата реч - кои се високи како небото и кои ја опфаќаат вечноста - мора да ги сфатиме и примениме во својот секојдневен живот. Секоја наша постапка, секој збор и секоја мисла треба да бидат во согласност со тие начела.

Драгоцените дарови на Светиот Дух не можат да се развијат за еден миг. Храброста, цврстината, кротоста, верата, непоколебливата доверба во Божјата спасоносна сила - сето тоа се стекнува со долгогодишно искуство. Божјите деца ја запечатуваат својата судбина со живот на свети напори и непоколеблива приврзаност за она што е правилно.

Немам време за губење. Не знаеме кога може да заврши нашето време на проверка (времето на милост). Пред нас се простира вечноста. Завесата само што не се подигнала. Божјите ангели се трудат да нѐ одвојат од нас самите и од сѐ што е земно. Не дозволувајте нивниот труд да биде напразен. (Testimonies, в. 8, p. 313.314)

*Сабота, 12 мај 2018*

## 6. ДУХОВНА БОРБА

**„Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места“ (Ефесјаните 6,12).**

Христијанскиот живот е борба. Но таа „борба не е со крв и тело, туку со поглаварите и властите, и со управителите на темнината на овој свет, со духовите на злобата под небото“. Во оваа борба на правдата против неправдата можеме да бидеме успешни само со божествена помош. Нашата ограничена волја мора да се покори на волјата на Безграничниот; човечката волја мора да се стопи со божествената. Ова ќе го направи Светиот Дух наш Помошник; и секоја победа ќе води до закрепнување на Божјата откупена сопственост, обнова на Неговиот лик во душата.

Господ Исус дејствува преку Светиот Дух; бидејќи Тој е Негов претставник. Тој преку него влева духовен живот во душата, оживувајќи ја нејзината сила да прави добро, чистејќи ја од моралната нечистотија и оспособувајќи ја за небесното царство. Исус сака да ни подари големи благослови, богати дарови кои ќе им ги раздели

на луѓето. Тој е прекрасен Советник, бесконечен во мудроста и силата; ако сме готови да ја признаеме силата на Неговиот Дух и да се покориме за Тој да нè обликува, тогаш ќе бидеме потполни во Него. Колку прекрасна мисла е тоа! Во Христа „живее сета полнота на Божеството“ (Колошаните 2,9).

Сè додека не се покори на дејствувањето на Божјиот Дух, човечкото срце нема да ја запознае среќата. Духот ја обликува обновената душа според Примерот, според Исуса Христа. Под влијание на Духот, непријателството кон Бога се менува во вера и љубезност, а гордоста во понизност. Душата ја согледува убавината на вистината, а на Христа му се укажува чест со убавината и совршенството на карактерот. Кога сите овие промени ќе се случат, ангелите почнуваат да пеат возвишена песна, а Бог и Христос се радуваат со душите кои добиле лик според божествениот. (Review and Herald, 10. февруари 1903)

*Сабота, 19 мај 2018*

## 7. СЛИЧНИ НА ХРИСТА

**„Возљубени, сега сме Божји деца, и уште не се откри што ќе бидеме; но знаеме: кога ќе се открие ќе Му бидеме слични, зашто ќе Го гледаме Онаков Каков што е“ (1. Јованова 3,2).**

Христос скоро ќе дојде на небесните облаци и ние мораме да се подготвиме за да Го дочекаме без ниту една дамка на себе. Сега е време да го прифатиме христовиот повик. Тој вели: „Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор. Земете го мојот јарем на себе и научете се од мене, зашто Јас сум кроток и понизен по срце; и ќе најдете одмор на своите души“ (Матеј 11,28.29). Христовите зборови што му ги упатил на Никодима имаат практична вредност и за нас денес: „Вистина, вистина, ти велам: ако некој не се роди од вода и Дух, тој не може да влезе во Божјото Царство. Роденото од тело, тело е; а роденото од Дух, дух е. Не чуди се што ти реков: треба да се родите одозгора. Ветерот дува каде што

сака, и го слушаш неговиот шум, а не знаеш од каде доаѓа и каде оди. Така е со секој, кој е роден од Дух“ (Јован 3,5-8).

Во нашето срце мора да почива Божјата сила која преобратува. Ние мораме да го проучуваме Христовиот живот и да го присвоиме божествениот пример. Мораме да размислуваме за совршенството на Неговиот карактер и да се промениме во Неговиот лик. Кој нема да ги покори своите страсти и кој нема да ја потчини својата волја на Христовата, нема да влезе во Божјето царство.

Небото е слободно од секој грев, од секоја нечистотија и извалканост; ако сакаме да живееме во таа атмосфера и да ја гледаме Христовата слава, со помош на Божјата благодат и праведност, мораме да бидеме чисти во срцето и совршени во карактерот. Не смееме да бидеме зафатени со забава и задоволства, туку со подготовката за славните станови кои Христос отишол да ги подготви за нас. Ако сме верни, ако тежнееме да бидеме од благослов на другите, ако сме истрајни во добрите дела, Христос по своето доаѓање ќе нѐ круниса со слава, чест и бесмртност. (Review and Herald, 28. април 1891)

*Сабота, 26 мај 2018*

## 8. СВЕТИОТ ДУХ И РАЗБИРАЊЕТО НА ВИСТИНАТА

**„А Бог ни го откри тоа нам преку Духот, зашто Духот испитува сѐ, па дури и Божјите длабочини“ (1. Коринќаните 2,10).**

Постои голема работа која треба да се изврши за ова време, а ние не сфаќаме ни дел од она што Бог е готов да го направи за својот народ. Ние зборуваме за пораката на Првиот ангел и за пораката на Вториот ангел, и мислиме дека знаеме нешто за Пораката на третиот ангел; но не треба да бидеме задоволни со нашето сегашно знаење. Нашите молитви, со вера и каење, треба да се издигнуваат кон Бога, за да ги сфатиме тајните коишто Бог сака да им ги открие на своите свети. Треба да ни биде јасно дека нема правилно да ја сфатиме Библијата, освен ако на тоа не нѐ научи Светиот Дух; бидејќи тоа е запечатена книга, дури и за учените, кои се мудри во своите очи.

Исус го мислел токму тоа што го кажал, кога ги упатил своите ученици „да го пребаруваат Писмото“. Пребарувањето значи споредување на стих со стих и духовните вредности со духовни вредности. Не треба да се задоволуваме со површно знаење. Потребно е да трагаме по скриеното богатство кое се крие под површината, како што и трговецот трагал по скапоцениот бисер. Светлина, голема светлина ќе биде наградата за внимателните трагачи на вистината.

Постојат многумина кои не ги употребуваат своите умствени сили и кои немаат искуство во напрегањето до крајни граници за да дознаат што е вистина. Светиот Дух не може да се спушти на вас ако не чувствувате потреба за Него и ако не копнеете повеќе за Неговото доаѓање отколку до сега. Треба да сфатите дека живеете на самата граница на вечниот свет, дека Христос скоро ќе дојде и дека целото Небо е заинтересирано за делото кое сега се извршува – подготовка на луѓето за неговото доаѓање.

Ако некогаш имало луѓе на кои им било потребно да го послушаат советот на Верниот Сведок упатен до Лаодикијската црква, во која Тој ги повикува да бидат ревносни и да се покаат пред Бога, тогаш тоа се оние луѓе пред кои се отвориле величествените вистини за ова време, но тие не ги искористиле иако имале голема предност и одговорност. Многу сме изгубиле поради тоа што не сме живееле во согласност со светлината на свечените вистини во кои велиме дека веруваме. (Review and Herald, 4. јуни 1889)

Бог нека ни помогне да не се задоволиме со површно знаење, туку да бидеме внимателни и истрајни трагачи на вистината.

*Сабота, 2 јуни 2018*

## 9. ПОДГОТВЕН ДА ГО ОБЈАВИ ПОСЛЕДНОТО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**„Потоа видов друг ангел, како слегува од небото, кој имаше голема власт, и земјата се осветли од неговата слава.“ (Откровение 18,1)**

Ден по ден заминува во вечноста, доведувајќи нѐ поблизу до крајот на времето на милоста. Сега мораме, како никогаш порано, да се молиме за Светиот Дух, уште пообилно да се излее на нас; мораме да бараме неговото посветувачно влијание да се излее врз работниците, за да може, луѓето за кои работат, да познаат дека навистина биле со Исус и дека учеле од Него. Сега, како никогаш порано, потребен ни е духовен вид, за да можеме да гледаме однапред и да ги препознаеме непријателските стапици и планови, и како верни стражари да предупредиме на опасноста. Потребна ни е и духовна сила за да можеме, колку што се можностите на човечкиот ум, да ги запознаеме големите вистини на христијанството и неговите далекосежни начела.

Кога Божјиот народ ќе ја понизи својата душа пред Него, и секој посебно го побара Неговиот Свет Дух со сето свое срце, тогаш од човечките усни ќе се слушне такво сведоштво какво што е изнесено во Писмото: „Потоа видов друг ангел, како слегува од небото, кој имаше голема власт, и земјата се осветли од неговата слава“ (Откровение 18,1) Лицата ќе бидат осветлени со Божјата љубов, а усните допрени со свет оган ќе говорат: „ крвта на Исус Христос, Неговиот Син, нѐ очистува од секаков грев“ (1. Јованово 1,7).

Оние кои се под влијание на Божјиот Дух нема да бидат фанатици, туку смирени, сталожени луѓе ослободени од секое претерување. Меѓутоа, сите оние чија патека е јасно и силно осветлена од светлината на вистината, нека бидат внимателни кога зборуваат: „Мир и сигурност“. Бидете внимателни кога денес вршите влијание.

Исус е подготвен во голема мера да го излие својот небесен дар на својот народ. Секојдневно се издигнуваат молитви кон Бога за ис-

полнување на ветувањето; не е изгубена ниту една молитва која се издигнува со вера. Христос се вознесол на Небото, го заробил пленот и им дал дарови на луѓето. Кога по Христовото вознесение Духот се излеал како што било и ветено, како силен ветар, и го исполнил целото место на кое учениците се собрале, каков бил резултатот.

Илјадници се обраќале во еден ден. Ние сме учеле и ние очекуваме дека ангелот ќе се симне од Небото, и дека Земјата ќе биде осветлена од неговата слава, и дека тогаш ќе ја набљудуваме жетвата на душите слична на онаа на денот Педесетница. (Home Missionary, 1. ноември 1893)

*Сабота, 9 јуни 2018*

## 10. БЛИЗУ Е ВРЕМЕТО КОГА ДУХОТ ЌЕ СЕ ПОВЛЕЧЕ

**„Духот и невестата велат: 'Дојди!' И кој слуша нека рече: 'Дојди!' И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе дарум од водата на животот!“ (Откровение 22,17).**

Времето на милост нема да трае уште долго. Бог сега ја повлекува својата заштитничка рака од Земјата. Тој долго им зборувал на луѓето дејствувајќи преку својот Свет Дух; но тие се ѕвале на повикот. Тој сега на својот народ и на светот му зборува преку своите судови. Времето на овие судови е време на милост за оние, кои сè уште немале прилика да ја дознаат вистината. Господ нежно ќе гледа на нив. Неговото милостиво срце е трогнато; Неговата рака сè уште е испружена за да спаси. Многумина од оние кои во овие последни денови за прв пат ќе ја слушнат вистината ќе побараат прибежиште во сигурното засолниште, и Господ ќе ги прими во своето стадо.

Господ ги повикува сите оние кои веруваат во Него да станат Негови соработници. Сè додека трае животот, тие не треба да мислат дека нивната задача е завршена. Дали ќе дозволиме да се исполнат знаците кои го навестуваат крајот, а да не му кажеме на светот што доаѓа на Земјата? Дали ќе дозволиме луѓето сè подлабоко да тонат во темнина, а да не им укажеме дека е потребно да се подготват за Гос-

подовото доаѓање? Ако не ја извршуваме својата должност кон оние кои се наоѓаат околу нас, Божјиот ден и нам ќе ни се приближи неосетно, како крадец. Зашеметеност го исполнува светот, ужасни работи наскоро ќе им се случат на човечките суштества. Крајот е многу близу. Ние, кои ја познаваме вистината, треба да се подготвуваме за она што неочекувано, како големо изненадување, ќе го снајде светот.

Ние мораме да го подготвиме патот за Господа, под водство на Светиот Дух. Евангелието треба да се објави во својата чистота. Реката од жива вода мора да се продлабочи и да се прошири во својот тек. И близу и далеку, луѓето ќе бидат повикани да ги остават своите ниви, продавници и други работни места, и ќе бидат поучени во соработка со искусните луѓе. Додека учат успешно да работат, тие силно ќе ја објавуваат вистината. Преку најчудесно дејствување на божественото провидение, и тешкотиите, големи како планини, ќе бидат отстранети.

Вистината која многу им значи на жителите на Земјата, насекаде ќе се слушне и ќе се разбере. Луѓето ќе дознаат за вистината. Напред и само напред; делото ќе напредува, сè додека целата Земја не биде предупредена. А тогаш ќе дојде крајот. (Review and Herald, 22. ноември 1906).

*Сабота, 16 јуни 2018*

## 11. НЕ ТРЕБА ДА СЕ ГУБИ ВРЕМЕТО

**„Жетвата помина, летото мина, а ние не сме спасени“ (Еремија 8,20).**

Господ доаѓа. Историјата на овој свет наскоро ќе се заврши. Дали сте подготвени да застанете пред Судијата на целата Земја? Имајте на ум дека „судот ќе биде безмилосен спрема оној кој не покажува милост“ (Јаков 2,13). Колку страшно ќе биде кога на последниот голем ден ќе се открие дека оние со кои сме биле блиску поврзани, засекогаш ќе бидат одвоени од нас; ќе видиме дека членовите на на-

шето семејство, а можеби и нашите деца, засекогаш се изгубени; ќе сфатиме дека меѓу изгубените се и оние кои го посетувале нашиот дом и јаделе на нашата трпеза. Тогаш ќе си го поставиме прашањето: „Дали тоа е поради мојата нетрпеливост, моето нехристијанско однесување; дали поради тоа што моето јас никогаш не било под влијанието на Светиот Дух, се оддалечиле од Христовата вера?“

Светот мора да биде предупреден и запознаен со скорото Господово доаѓање. Имаме само уште малку време за работа. Многу години отидоа во вечноста, кои можевме подобро да ги искористиме ако најпрво го баравме Божјото царство и Неговата правда, и ако им ја пренесувавме светлината на другите. Бог го повикува својот народ кој има голема светлина, во кој е вложено многу труд и кој е втемелен во вистината, сега како никогаш порано да работи за себе и за другите. Искористете ја секоја можност, вработете ја секоја способност, секој доверен талант, употребете ја сета светлина која што Бог ви ја дарувал за да им правите добро на другите. Не обидувајте се да бидете проповедници, туку станете Божји слуги.

Колку работниците подобро ја разбираат вистината, толку повеќе таа ќе се открива во уште поблескава светлина. Додека се трудите да ги просветлите другите, вашиот ум ќе биде под светото влијание на Божјиот Дух, а вашето внимание ќе биде насочено кон работите кои имаат вечно значење. Во тие настојувања и со молитва за божествена светлина, вашите срца ќе бидат допрени од оживувачкото влијание на Божјата благодат; вашите чувства ќе заискрат со поголем божествен жар, а вашиот целокупен христијански живот ќе стане попрактичен, посериозен и поисполнет со молитва. Така, поради Христос кој престојува во вашето срце, ќе станете Божји соработници. (Home Missionary, 1. февруари 1898)

*Сабота, 23 јуни 2018*

## 12. ВИСТИНСКИ ЧУДА ПОВТОРНО ЌЕ СЕ СЛУЧУВААТ

**„Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12).**

Големото дело на евангелието нема да се заврши со помалечка манифестација на Божјата сила од онаа што го придружувала неговиот почеток. Пророштвата што се исполниле со излевањето на раниот дожд во почетокот на евангелието пак ќе се исполнат во позниот дожд и при неговото завршување. Тоа е време на „освежување“ за кое се надевал апостол Петар кога рекол: „Покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите, та од Господовото присуство да дојдат времиња на освежување и да го прати Исуса, преткажаниот за вас Христос“ (Дела 3,19.20).

Божјите слуги, со озарено лице од свето помазание, ќе брзаат од место во место да ја објават небесната вест. Илјадници гласови низ целата Земја ќе ја објавуваат опомената. Ќе се прават чуда, болни ќе оздравуваат, а верните ќе ги придружуваат знаци и чуда. И сатаната ќе прави лажни чуда; ќе стори и оган да падне од небото пред луѓето (Откровение 13,13). На овој начин жителите на земјата ќе бидат присилени да се решат за кого ќе се определат.

Веста ќе се шири не толку со докажување колку со длабоко осведочување на Божјиот Дух. Доказите се изнесени. Семето е посеано и сега треба да никне и да донесе род. Списите што ги распространиле евангелските соработници го извршиле своето влијание, но мнозина врз кои евангелската вистина имала длабок впечаток биле спречени вистината потполно да ја сфатат или да ја послушаат. Меѓутоа, сега зраците на светлината проникнуваат насекаде и вистината се гледа кристално јасна, а искрените Божји деца ги кинат врските што ги задржувале до сега. Семејните и црковните врски сега се немоќни да ги задржат. Вистината им е подрагоцена од сè друго. Наспроти сатанските сили што се здружиле против вистината, голем е бројот на оние што ќе застанат на Господова страна.“ (Големата борба, стр. 591).

*Сабота, 30 јуни 2018*

## 13. ПОДЛАБОКО ИСКУСТВО СО БОГА

**„Блазе на човека кој се здобил со мудрост“ (Мудри изреки 3,14). „Тој е сличен на дрво посадено крај вода што ги насочува корењата кон потокот; тоа не знае кога настанува припек; лисјата му се зелени. Во време на суша не се плаши и не престанува да дава плод“ (Еремија 17,8).**

Ние живееме во најсвечениот отсек од историјата на овој свет. Судбината на човештвото кое живее на оваа земја набргу треба да се реши. Нашето лично идно добро, а исто така и спасението на другите души, зависи од патот по кој ќе тргнеме сега. Потребно е да нè води Духот на вистината. Секој Христов следбеник треба сериозно да се праша: „Господе, што сакаш да правам?“ Ние треба да се понизиме пред Бога со пост и молитва и многу да размислуваме за неговата Реч, а особено за настаните поврзани со судот. Сега треба да бараме длабоки и живи искуства со Бога. Не смееме да загубиме ниту еден миг. Околу нас се одигруваат настани од најголема важност: ние се наоѓаме на сатанска маѓепсана почва. Не спијте, Божји стражари! Непријателот е близу и демне, подготвен секој миг да скокне врз вас и да ве стори свој плен, само ако ви падне духот и ако задремете.

Мнозина се измамени во врска со својата вистинска положба пред Бога. Тие се задоволни со себе што не направиле лоши дела, а заборават на добрите и благородни дела што ги бара Бог од нив, а што занемариле да ги направат. Не е доволно тие да се дрвја во Божјата градина. Бог очекува од нив плод. Тој ги прогласува за одговорни за сите добра што можеле да ги направат со негова милост а не ги направиле. Во небесните книги тие се запишани како луѓе што ѝ пречат на земјата. Но дури и нивниот случај не е сосем без надеж. За тие што не ја ценат Божјата љубов и ја злоупотребуваат неговата милост, срцето на Љубовта кое долго трпи сè уште се моли. „Затоа вели: ’Стани ти што спиеш, воскресни од мртвите и Христос ќе те осветли!’ И затоа, внимавајте како живеете, зашто дните се зли“ (Ефесците 5,14-16).

Кога ќе настапи времето за проверка, ќе се покажат тие што ја прифатиле Божјата реч како свое правило на животот. Преку лето не се гледа разлика меѓу зимзелените и другите дрвја, но кога ќе настапат зимските луњи, зимзелените дрвја остануваат неизменети, додека другите дрвја ги губат лисјата. Така и сега, божемните христијани не се разликуваат од вистинските христијани, но токму пред нас е време кога ќе се покаже разлика. Нека се подигнат противниците, нека се распали пак верскиот фанатизам и нетрпеливост, нека настанат прогонства - полухристијаните и лицемерите ќе се поколебаат и ќе се откажат од својата вера, а вистинскиот христијанин ќе стои цврсто како карпа со посилна вера и со посветла надеж отколку во деновите на благосостојба.

Псалмистот кажува: „Размислувам за твоите сведоштва.“ „Со твоите заповеди станав разумен...“ (Псалм 119,99.104). (Големата борба, стр. 507.508).

ГРАДИВО 2/2018

**За подобра саботна школа**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**